| **Неделна Тема** | Патот на четирите годишни времиња |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Пролет, лето, есен, зима |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-како треба да се грижиме за сопственото здравје во секое годишно време. |
| **Активности** | За оваа активност може да одберете Вашите деца да ги запознаете со карактеристиките на четирите годишни времиња-пролет,лето,есен,зима. Може да користите слики енцикопедии,едукативни детски флмови од интернет, бидејќи децата најдобро учат преку визуелни прикази. Потоа заеднички може да играте игра која сами ќе ја креирате. Потребно е да изработите голем круг од картон. Поделете го на четири дела и обојте ги четвртините со различни бои:зелена-пролет,сина-лето,жолта-есен,бела-зима. На секој дел закачете апликација за соодветното годишно време: цвет-пролет,сонце-лето,жолт лист-есен,снегулка-зима. Потоа треба да изработите по три картончиња кои ќе ги преставуваат месеците во годината,напишете ги нивните имиња и нацртајте по една карактеристика за месецот. Додека разговарате и играте, со штипки прикачете ги картончињата од месеците во соодветното годишно време. Понудете им на децата самостојно да ја играат играта во слободно време.<br>Стеканатите сознанија децата може креативно да ги изразат преку сликање на тема - кое годишно време најмногу го сакам. Кога детето ќе заврши со сликање побарајте од него да опише што насликало. Неговата слика закачете ја во неговата соба како доказ за успешно завршена работа.<br>Во продолжение слушајте класична музика „Четири годишни времиња“ од Вивалди. |